Сите 80 деца сместени во згрижувачки семејства на територија на град Скопје денес ги добија своите подароци. Црвен крст на град Скопје со поддршка на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Скопје, Рамстор мол, Комерцијална банка а.д.Скопје, хумани граѓании компании ја реализираа и овогодинешната Волшебна елка на желби.

На настанот присуствуваше и министерката за Труд и социјална политика Мила Царовска која на неколку деца лично им ги врачи подароците.

Од 1 до 27 декември во ТЦ Рамстор сите хумани граѓани од нашиот град имаа можност да ја посетат Новогодишната волшебна елка на желби, да одберат подарок и да остварат новогодишна желба на некое од децата.  Црвен крст на град Скопје со партнерите и поддржувачите веќе осма година по ред ја одбележува оваа активност.

На денешниот настан имаше многу смеа, музика и магија кои придонесоа за убаво новогодишно расположение на децата без родителска грижа сместени во згрижувачки семејства.


ТОЛКУ ЛЕСНО
Ramstoremall
НОВОГОДИШНА НАГРАДНА ИГРА